РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 22.09.2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3602/1 | | |

0706
ТРАЈКО
22.09.11

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **македонски јазик** за IV одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**IV ОДДЕЛЕНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, 2011

# 1. ВОВЕД

Наставата по македонски јазик на учениците им овозможува да развиваат интерес за запознавање и применување на македонскиот јазик како основно средство за комуникација, за учење, за уметничко изразување, за запознавање на јазикот како најкарактеристичен белег на националниот идентитет. Преку наставата по македонски јазик се развиваат способностите за слушање, читање, пишување, усно и писмено изразување, сфаќање, доживување и толкување на литературните и други текстови.

Овој наставен предмет создава основа за стекнување знаења и од други наставни предмети затоа што преку практиката на воспитно-образовната работа по овој предмет се оперира со интегрално поврзаните процеси: мислење-говор-читање со разбирање. Со примена на интегрално поврзаните процеси во наставата по предметот македонски јазик учениците стекнуваат способности да ги користат содржините од останатите наставни предмети кои ги изучуваат.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со структурата и системот на македонскиот стандарден јазик и на сите нивоа ќе ја усвојуваат и ќе ја применуваат стандарднојазичната норма (фонетско-фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска).

Според наставниот план за македонски јазик во IV одделение се планирани по 6 часа неделно, односно 216 наставни часа годишно.

Наставниот предмет македонски јазик во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да развива социјален и личен идентитет преку анализа на книжевни текстови;
- да се оспособува за усно и писмено изразување;
- да го збогатува речникот;
- да усвојува поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на македонскиот литературен јазик;
- да ја запознава функцијата на зборовите и нивната примена во усното и писменото комуницирање;
- да се оспособува да чита со разбирање текстови со различна содржина, сложеност и од различни извори;
- да распознава и применува разни функционални стилови во говорното и писменото изразување (разговорен, административен, новинарски, поетски, научно - популарен и научен стил на изразување);
- да чита и анализира текстови од уметничка и народна литература соодветна на возраста;
- да анализира книжевно дело соодветно на возраста применувајќи ги основните теоретски поими (строфа, стих, рима, лик, дејство);
- да користи разни форми на писмено изразување (креативни текстови; текстови за практична намена);
- да се поттикнува да користи книги и друг вид литература од библиотеките и од други извори;
- да се воведува во интерпретирање и вреднување литературни, сценски, филмски остварувања и друг вид на медиумска продукција;
- да развива свест за значењето на мирот, толеранцијата и соработката меѓу луѓето од различни култури.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи да чита, пишува и да препишува со печатни и ракописни букви (латиница);
- да се оспособи да ја пишува азбуката со печатни и ракописни букви (латиница);
- да чита самостојно со разбирање на семантичкото значење на зборовите и речениците;
- да учествува во комуникација (содржини од секојдневието);
- да рецитира кратки стихотворби;
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да синтетизира зборови од дадени букви и кратки реченици од дадени зборови;
- да пишува правилно обработени поими (зборови);
- да препознава именки, глаголи, заменки, придавки и да ги разликува како видови зборови;
- да користи елементарни граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- да именува суштества, предмети и дејства;
- да го збогатува речникот;
- да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- да се оспособи да следи информација од различни медиуми и да пренесува кратки информации;
- да може вербално да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да го применува знаковниот јазик на новите поими-зборови;
- да се оспособи да чита говор од уста;
- да се коригира и усовршува артикулацијата на гласовите во македонскиот јазик (во зборови и реченици).

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик (ориентационо 21 час) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Напомена: активностите од оваа тема се применуваат во текот на обработката на сите наставни содржини по предметот македонски јазик**<br><br>**Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се оспособи за правилна артикулација на гласовите од македонската азбука (во слогови и зборови во иницијална, медијална и во финална положба);<br><br>➢ да се оспособи за правилна аудитивна перцепција на гласовите и зборовите со помош на сурдотехнички помагала;<br><br>➢ да се оспособи за читање на гласовите од уста;<br><br>➢ да ја совлада дактилологијата на гласовите; | Артикулација на гласовите<br><br>Корекција на артикулацијата<br>Усовршување на артикулацијата<br><br>Синтетизирање на поими<br><br>Препознавање на семантичкото значење на поимите<br><br>Читање говор од уста | Артикулација<br><br>Корекција<br><br>Усовршување<br><br>Аудитивна перцепција<br><br>Читање говор од уста<br><br>Дактилологија<br><br>Синтетизирање | o Вежби за читање на говорот од уста и користење на дактилологијата и гестот како помошно средство.<br>o Вежби за дополнување на испуштени гласови (букви) во дадени зборови.<br>o Вежби за составување зборови (поими) од дадени букви.<br>o Вежби за корекција на артикулацијата на гласовите во слоговите и зборовите.<br>o Вежби за препознавање на семантичкото значење на изучените поими. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да синтетизира поими од дадени букви;<br><br>➢ да го препознава семантичкото значење на поимите;<br><br>➢ да дополнува гласови (букви) во дадени зборови. | Препознавање на дактилологијата<br><br>Аудитивна перцепција на гласови и зборови | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК (ГРАМАТИКА) (ориентационо 25 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да составува правилно проста и проширена реченица;<br>➢ да ги подредува правилно зборовите во реченицата;<br>➢ да употребува голема буква при пишување сопствени имиња, географски поими, празници и сл.;<br>➢ да употребува потврдна и одречна реченица;<br>➢ да употребува сопствени именки;<br>➢ да употребува општи именки;<br>➢ да разликува број кај именките;<br>➢ да разликува род кај именките;<br>➢ да го усвои поимот за придавка; | Редот на зборовите во реченицата<br><br>Сопствени имиња (име и презиме), празници и географски поими (градови, села, езера, планини, реки и сл.)<br><br>Потврдна и одречна реченица<br><br>Сопствени именки<br><br>Општи именки<br><br>Број кај именките<br><br>Род кај именките<br><br>Придавки<br><br>Глаголи | Зборовед во реченицата<br><br>Лично име<br>Празници<br>Град<br>Село<br>Езеро<br>Планина<br>Река<br><br>Голема буква<br>Потврдна и одречна реченица<br><br>Сопствени именки<br><br>Општи именки<br><br>Број кај именките<br><br>Род кај именките<br><br>Придавки | o Вежби: составување реченици со правилен редослед на зборовите.<br>o Вежби: употреба на голема буква при пишување на лично име, имиња на членови од потесното и поширокото семејство.<br>o Вежби: употреба на голема буква при пишување на имињата на местото на живеење (град, село).<br>o Вежби: употреба на голема буква при пишување и именување празници.<br>o Вежби: употреба на голема буква при пишување имиња на географски поими (градови, села, езера, планини, реки и сл.).<br>o Вежби: употреба и разликување на потврдна и одречна реченица (правилна употреба на „не'', „нема”, „има”).<br>o Вежби: употреба на сопствени именки.<br>o Вежби: употреба на општи именки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да го употребува на помошниот глагол „сум''(сегашно и минато време);<br><br>➢ да ја знае функцијата на интерпункциските знаци (правилно да ги употребува при читањето и пишувањето). | Интерпункции знаци:<br>*точка<br>*запирка<br>*две точки<br>*извичник<br>*прашалник | Глаголи<br><br>Интерпунк-циски знаци:<br>*точка<br>*запирка (при набројување)<br>*две точки (при набројување)<br>*извичник (при наредби, чудење, опасност)<br>*прашалник (при поставување прашања) | o Вежби: разликување и правилна примена на именките (практична примена на боројот кај именките).<br><br>o Вежби: разликување на именките според нивниот род (машки, женски и среден род).<br><br>o Вежби: запознавање со придавките, нивната фунција и правилната употреба во контекст на одредена реченица.<br><br>o Вежби: формирање прости и проширени реченици (дифенцирање на глаголите и именките).<br><br>o Вежби: правилна употреба на помошниот глагол „сум''во сегашно и минато време.<br><br>o Вежби: запознање со функцијата на интерпункциските знаци и правилна употреба при читањето и пишувањето.<br><br>o Вежби: препознавање и правилна употреба на интерпункциските занаци на познат текст. |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЧИТАЊЕ И ОБРАБОТКА НА КРАТКИ ТЕКСОВИ (ориентационо 50 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Напомена:*** *во текот на изучувањето на латиницата (печатно и ракописно) ќе се изучуваат текстови на кирилица, а одредени зборови со изучените букви на латиница ќе се пишуваат на латиница (во интерес на рационално искористување на времето)*<br>**Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува за правилно гласно читање;<br>▸ да се оспособува да чита во себе;<br>▸ да се оспособува да чита зборови и куси текстови (печатно и ракописно латиница);<br>▸ да се оспособува за изразно читање со почитување на интерпункциските знаци (правилна артикулација на гласовите, зборовите и речениците, интонација, темпо и паузи при читањето);<br>▸ да се оспособува да меморира, односно рецитира неколку стиха; | Моето семејство<br><br>Мојот дом<br><br>Моето училиште<br><br>Мојата училница<br><br>Моите другари<br><br>Ученички прибор<br><br>Облека и обувки<br><br>Храна (здрава и нездрава храна)<br><br>Животни (домашни и диви)<br><br>Птици<br><br>Моето тело<br><br>Денови<br><br>Месеци<br><br>Годишни времиња и промени во природата | Татко, мајка, дедо, баба, брат, сестра<br><br>Куќа, зграда, град село, река, планина, езеро<br><br>Ученик, учител<br><br>Тетратка, молив, гума, блок и др.<br><br>Палто, фустан, панталони, патики, сандали, чизми и сл.<br><br>Овошје, зеленчук, сендвич, пица и сл.<br><br>Крава, коњ, магаре, овца, коза, волк, лисица, мечка и сл. | ▸ Вежби: активности за постигање правилна артикулација на зборовите во реченицата.<br><br>▸ Вежби: индивидуални и групни активности во функција на корекција на артикулацијата во изговорот на гласовите.<br><br>▸ Вежби: читање зборови, реченици со изучените печатни и ракописни букви на латиница.<br><br>▸ Вежби: читање со разбирање на семантичкото значење на посебно одбрани куси текстови.<br><br>▸ Вежби за рецитирање стихови.<br><br>▸ Вежби: драматизација-читање по улоги куси пригодни текстови.<br><br>▸ Вежби за читање куси пригодни текстови во себе.<br><br>▸ Вежби за стимулирање на гласно читање со постепено зголемување на брзината на читањето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да го препознава семантичкото значење на новите поими;<br>▸ да може да го препознае семантичкото значење на реченицата како целина;<br>▸ да го усоврши читањето до степен на автоматизација со разбирање на семантичкото значење на прочитаното;<br>▸ да чита басни и приказни по улоги;<br>▸ да рецитира кратки стихотворби. | Празници<br><br>Родендени<br><br>Бои<br><br>Кратки стихотворби<br><br>Пијалак<br><br>Лична хигиена<br><br>Басни<br><br>Народни приказни<br><br>Доживувања | Кокошка, петел, орел и сл.<br><br>Глава, раце, нозе и сл.<br><br>Понеделник, вторник, среда....<br><br>Јануари, февруари,...<br><br>Пролет, лето, есен, зима<br><br>Дожд, снег Велигден, Нова година, Божиќ, Осми март...<br><br>Црвена, жолта, зелена...<br><br>Кратки стихотворби<br><br>Пиво, вино, млеко, сок, вода,....<br><br>Сапун, крпа, шампон... | |

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: КУЛТУРА НА УСНО И ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ (ориентационо 120 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Усно изразување:**<br><br>**Ученикот/ученичката:**<br><br>▸ да се оспособува да известува за видени, доживеани настани, настани според слики и според дадени зборови;<br>▸ да се оспособува да опишува предмети, суштества, слики и др.;<br>▸ да се оспособува самостојно да искажува пораки, наредби, поздрави, емоционални состојби;<br>▸ да се оспособи да дава кратки одговори на кратки насочени прашања;<br>▸ да се оспособи за именување на предмети, суштества, дејствија;<br>▸ да се оспособува да дополнува испуштени зборови во дадени реченици;<br>▸ да се оспособи да дополнува испуштени гласови во дадени зборови;<br>▸ да се оспособува да води краток дијалог; | Самостојно искажување на пораки, наредби, поздрави и емоционални состојби<br><br>Разговор на теми од животот во семејството, училиштето и непосредната околина<br><br>Воочување на зборови со исто значење<br><br>Воочување зборови со спротивно значење<br><br>Рецитирање стихови<br><br>Користење прашални форми: Кој е ова? Што е ова? Што има? Што сака? Каде е? | ▸ Опишување<br>▸ Известување<br>▸ Именување<br>▸ Рецитирање<br>▸ Самостојно искажување<br>▸ Дијалог<br>▸ Комуникација | ▸ Вежби: именување лица, животни, предмети, објекти, одредени состојби по дадени слики.<br><br>▸ Вежби: обиди за самостојно опишување на предмети, суштества и сл.<br><br>▸ Вежби: известување за виден и/или доживеан настан.<br><br>▸ Вежби: самостојно искажување на пораки, наредби, поздрави, емоционални состојби.<br><br>▸ Вежби за меморирање.<br><br>▸ Вежби: наизменично поставување прашања и давање одговори на блиски теми за ученикот/ученичката.<br><br>▸ Вежби: самостојно дополнување на намерно испуштени зборови во реченици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се оспособува да меморира и репродуцира стихотворби и делови од текст;<br>▸ да се оспособува за водење едноставна комуникација со употреба на говорни форми: Како се вика? Кој е тоа? Што е тоа? Кога? Што сака? Што не сака? Што работи? Од што е? Каков е? Каква е? Какво е?<br>**ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ:**<br>***Напомена:*** *печатните букви од* ***а****збуката латиница се изучуваат во текот на првото полугодие, а ракописните букви во текот на второто полугодие.*<br>▸ да препишува правилно зборови;<br>▸ да препишува правилно реченици, кратки текстови и стихотворби;<br>▸ да пишува писмо, честитка;<br>▸ да се оспособи правилно да пишува кратки реченици;<br>▸ да се оспособи да составува реченици од дадени зборови;<br>    o диктат и автодиктат;<br>    o да ја усоврши техниката на пишување печатно и ракописно кирилица; | Што прави? Со што?<br>Пробај какво е.<br><br>Препишување зборови, кратки реченици и кратки текстови или делови од текстови (од печатно на ракописно кирилица)<br><br>Препишување зборови, кратки реченици и кратки текстови или делови од текстови (од печатно кирилица на печатно латиница)<br><br>Препишување на зборови, кратки реченици и кратки текстови или делови од текстови (од ракописно кирилица на ракописно латиница)<br><br>Пишување честитка | ▸ Честитка<br>▸ Писмо<br>▸ Препишу-вање<br>▸ Пишување<br>▸ Синтетизи-рање<br>▸ Составување<br>▸ Кирилица<br>▸ Латиница<br>▸ Печатно<br>▸ Ракописно | ▸ Вежби: самостојно дополнување на намерно испуштени гласови во зборови.<br><br>▸ Вежби за правилно препишување на текстови и стихотворби (од печатно на ракописно).<br><br>▸ Вежби: самостоно пишување кус пригоден текст за честитка, писмо и сл.<br><br>▸ Вежби: дополнување на испуштени зборови во дадени реченици.<br><br>▸ Вежби за синтетизирање на реченици од дадени зборови.<br><br>▸ Вежби за правилно пишување на реченици.<br><br>▸ Вежби за препознавање и правилна примена на дактилологијата.<br><br>▸ Вежби за препознавање и правилна примена на знаковниот јазик.<br><br>▸ Вежби за правилно пишување на буквите на латиница печатно. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| o да се оспособува да пишува побрзо, разбирливо и уредно;<br>o да се оспособи да ги пишува печатните букви на латиница;<br>o да се оспособи да ги пишува ракописните букви на латиница;<br>o да се оспособи да препишува од кирилица на латиница (печатно и ракописно);<br>o да се оспособи да дополнува зборови во даден текст. | Пишување писмо<br><br>Пишување на зборови<br><br>Пишување на реченици<br><br>Синтетизирање на реченици од дадени зборови<br><br>Синтетизирање на зборови од дадени букви<br><br>Пишување реченици по дадени слики<br><br>Пишување реченици со дактилологија и знаковен јазик<br><br>Препишување на кратки текстови | | ▸ Вежби за правилно пишување на буквите на латиница ракописно.<br><br>▸ Вежби за правилно препишување од печатно кирилица на печатно латиница.<br><br>▸ Вежби за правилно препишување од ракописно кирилица на ракописно латиница.<br><br>▸ Вежби за дополнување на зборови во даден текст. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по предметот македонски јазик овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: природа, општество, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Во интегрирано планирање на предметното подрачје Јазик (граматика) можат да се вклучат и содржини од: природа (кога ученикот се запознава со видовите зборови во усно и писмено изразување именувајќи ги поимите од овој наставен предмет); со општество (кога ученикот се запознава со видовите зборови во усно и писмено изразување именувајќи ги поимите од овој наставен предмет); математика (при сфаќање на односот меѓу предметите и зборовите, со приближната и точната бројност на броевите како видови зборови); со ликовно образование (со претставување преку цртежи на настани и ликови од работени дела, книжевни текстови) со музички стимулации и ритмички вежби (преку содржините кои се поврзани со самогласките и согласките, со ритмиката на поетските дела) физичко и здравствено образование (се прават вежби за правилно дишење при изговор на конкретни самогласки и согласки или при симулација на определени надворешни описи на ликови од книжевни дела). Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет македонски јазик треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма и на крај од определени образовни периоди. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја. При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид индивидвидуалните способности на учениците, како и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето. Во планирањето на наставната програма треба да се води сметка за различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

Фондот на часови по наставниот предмет изнесува 216 часа годишно, 6 часа неделно.

Наставни средства:

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот
- читанка;
- енциклопедии, речници и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства и други средства, ЦД-плеер и др.;
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови итн.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување на предзнаењата на учениците со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови, со усни прашања подготвени од наставникот, со усни прашања подготвени од учениците, со пишување кратки состави.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализација на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

### ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

Во текот на наставата по македонски јазик во четврто одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на соодветни методи и постапки:

- Разговори наставник/ученик
- Усни презентации
- Писмени вежби
- Тестови
- Домашни работи
- Портфолио-собирање на показатели (детски кзработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

  - Портфолиото треба во текот на целата година да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик
  - Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планираните усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници. На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата наставната програма наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

Од формираните сумативни описни оценки формулирани за секој ученик посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања во тек на определени временски периоди наставникот на крајот на учебната година внесува соодветни нумерички оценки.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II, III, IV одделение и за наставните средства за IV одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието-Скопје

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **македонски јазик** за четврто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4432/44
на ден 18.03 2011 год.
СКОПЈЕ

Скопје

Министер,

м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ